## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Железото и магнезиумот се исклучително важни микрохранливи елементи во исхраната на земјоделските култури.
Со примена на 2% Железо со 0,5% магнезиум може да се спречи појавата на физиолошкото нарушување познато како хлороза, што резултира со правилен развој на растенијата, односно со давање стабилни и квалитетни приноси. Се препорачува 2% Железо со 0,5% магнезиум да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Кај градинарските и кај полјоделските култури се препорачува да се започне со фолијарна апликација веднаш штом посевите добијат доволно лисна маса за апсорпција на растворот, додека кај виновата лоза и кај овошните насади се препорачува апликација за време на вегетативниот циклус, меѓутоа за време на цветањето и непосредно пред бербата пожелно е да не се врши прскање. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почетно и масовно плодоносење | 4 апликации на 10-14 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 2 апликации | 3 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст на плод-зрно* | 4 апликации на 10-14 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4500 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почетно и масовно плодоносење | 3-4 апликации на 10-14 дена | 300-400 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 2 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст на плод-зрно | 3-4 апликации на 10-14 дена | 300-400 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

## НАПОМЕНА

Во растворите за фертиригација може да се меша со повеќето ѓубрива, освен со ѓубривата кои имаат силна кисела реакција. Не се препорачува да се меша во ист резервоар со киселини како ѓубрива или со многу кисели ѓубрива.

Може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита. Не се препорачува да се меша со бордовска чорба.

## СКЛАДИРАЊЕ

На температура повисока од +10°C.

## РОК НА УПОТРЕБА

2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Железо (Fe) | (2,0 ± 0,2) % |
| FeKEDTA | (13,7 ± 1,4) % |
| Магнезиум (Mg) | (0,5 ± 0,1) % |
| $Mg(NO_3)_2$ | (3,0 ± 0,6) % |
| $NH_4Cl$ | (5,7 ± 0,6) % |